# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 75** **24 март 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1214. | **Стратегија** за одбрана на Република Северна Македонија | **2** |
| 1215. | **Правилник** за изменување на Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на полицијата | **19** |
| 1216. | **Исправка** на тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите | **19** |
| 1217. | **Објава** за висината на минималната плата во бруто - износ во РСМ | **19** |
| | **Огласен дел** | **1-44** |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1214.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 1) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 05/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Претседателот на Република Северна Македонија донесе

## С Т Р А Т Е Г И Ј А
## ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### I. ВОВЕД

1. Стратегијата за одбрана на Република Северна Македонија обезбедува стратегиски насоки за функционирањето и развојот на системот за одбрана на Република Северна Македонија.

2. Стратегијата произлегува од Уставот на Република Северна Македонија, трајните определби од Националната концепција за безбедност и одбрана, Законот за одбрана и стратегиската определба на Владата на Република Северна Македонија за интеграција во евроатлантските структури.

3. Водејќи се од настанатите промени во безбедносното опкружување, како и ново појавени безбедносни предизвици, закани и ризици, пристапивме кон изработка на нова Стратегија. Истата ги идентификува клучните карактеристики на современото безбедносно опкружување, ја нагласува нашата одбранбена политика издава насоки за адаптација на субјектите од системот за одбрана, неопходните ресурси и одбранбените способности потребни за нејзино остварување.

4. Усогласена со обврските и одговорностите кои ќе произлезат од членството на Република Северна Македонија во колективните системи за безбедност, Стратегијата има за цел:

- зголемување на отпорноста на системот во справувањето со ризиците и заканите;
- унапредување на постојните и развивање нови способности кои се неопходни за ефективно и ефикасно функционирање на системот;
- обезбедување поголема транспарентност кај сите субјекти и одговорност во заштитата на одбранбените интереси и во остварувањето на одбранбените цели;
- синхронизирање и унапредување на одбранбеното планирање во согласност со стандардите на НАТО и на ЕУ;
- поголема ефективност и рационална искористеност на човечките, материјалните, и на финансиските ресурси;
- зголемување на свесноста и довербата кај населението за важноста на системот за одбрана во развојот на демократското општество.

5. Стратегијата претставува основа за понатамошен развој на системот за одбрана и унапредување на процесот за долгорочно одбранбено планирање.

## II. БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ

### Глобално ниво

6. Современото глобално безбедносно опкружување најдобро може да се окарактеризира како непредвидливо и комплексно. Брзиот и динамичен социјален, политички, економски и технолошки развој и промените во рамнотежата на моќта имаат големо влијание врз безбедносните предизвици, закани и ризици со кои се соочуваме. Ниедна земја не може самостојно да се справи со овие прашања. Поради тоа мораме да соработуваме во справувањето со заедничките закани, ризици и предизвици, и да работиме кон обезбедување на колективен одговор.

7. Зачестеноста на природните непогоди, технолошките катастрофи, епидемии и климатски промени влијаат врз сите нас. Ниту една држава во светот не е имуна на нив бидејќи тие не познаваат политички граници.

8. Глобализацијата и демографската промена има и позитивни и негативни ефекти. Државите и во иднина ќе продолжат да се соочуваат со традиционалните воени закани. Во моментов тие се поранливи на невоени, асиметрични, хибридни и сајбер загрозувања и загрозувања од недржавни актери.

9. Отвореноста и соработката меѓу државите придонесува за забрзан технолошки развој и зголемена размена на информации меѓу сите чинители на безбедноста на национално, на регионално и на глобално ниво. Сепак, технолошкиот развој во исто време овозможува и поголем пристап до модерна технологија со двојна намена која може да биде употребена за загрозување на безбедноста и стабилноста.

10. Сајбер просторот значително влијае врз безбедноста на луѓето и државите. Иако глобалниот пристап, размената на информациите и употребата на интернетот за деловни и социјални цели се покажаа како навистина корисни, истовремено претставуваат современа закана по нашето општество поради неговата зголемена ранливост од сајбер напади.

11. Соработката и интеграцијата во евроатлантската област, придонесоа значително да се подобри безбедноста и да се редуцираат конфликтите. Тие се карактеризират со значително унапредени односи меѓу државите, со демократски и економски развој, владеење на правото и систем заснован на заеднички вредности, почитување на човековите права и слободи, зајакната

регионална соработка, како и заеднички придонес во меѓународната безбедност и стабилност. И покрај тоа, евроатлантската област, останува изложена на широк спектар на закани, ризици и предизвици.

**Регионална безбедност во Југоисточна Европа (ЈИЕ)**

12. Државите на ЈИЕ се соочуваат со истите загрозувања по мирот и безбедноста како и останатите држави во Европа. Турбуленциите и можноста од нивно прелевање во соседните региони, можат да влијаат врз севкупната политичка, економска и безбедносна состојба. Регионот останува обременет со својата историја и продолжува да се соочува со прашања кои може да доведат до нестабилност.

13. Безбедносното опкружување дополнително се усложнува и од присуството на големо количество на илегално оружје како последица на претходни конфликти. Напливот на мигранти и економски бегалци има потенцијал да ги дестабилизира државите од регионот. Природните непогоди, техничко-технолошките катастрофи, епидемиите и климатските промени претставуваат дополителн ризик по безбедноста.

14. Приливот и транзит на мигранти и радикални екстрмисти и повратници од боиштата од конфликтите во земјите од Блискиот Исток (Ирак, Сирија), Јужна Азија (Авганистан) и Северна Африка (Либија), влијаат врз регионалната безбедносна состојба.

15. Регионалната соработката и добрососедските односи имаат позитивно влијание врз безбедноста во регионот. Државите во регионот се свесни дека соработката и добрососедските односи се предуслов за градење на меѓусебна доверба, интеграција во европските и евроатлантските структури, подобрување на регионалната безбедност, стабилност и економски раст.

**Република Северна Македонија**

16. Безбедносното опкружување на Република Северна Македонија во изминатите години е значително подобрено. Воспоставивме добри односи со нашите соседи, од кои повеќето се членки на НАТО или на ЕУ, имаат евроатлантска агенда, или одржуваат конструктивни врски со двете организации. Ќе продолжиме континуирано да инвестираме во евроатлантската безбедност и стабилност, да ги градиме нашите капацитети на принципот на солидарност, силна трансатлантска врска и соодветно споделување на обврските.

17. Република Северна Македонија на полноправното членство на сите земји од регионот во НАТО или во ЕУ гледа како на најдобар начин за натамошно подобрување и консолидирање на безбедносната состојба во регионот на Југоисточна Европа и пошироко.

18. Иако се разликуваат според комплексноста за детектирање, превенирање иинтензитетот на последиците, заканите и ризиците по националната безбедност меѓусебно се преклопуваат и се надополнуваат. Истите директно влијаат врз националната безбедност и побаруваат развивање на соодветни политики, сообразни способности и капацитети за справување со нив. Најголема закана кон националната безбедност претставуваат:

- Економско-политичките проблеми: Долгогодишните проблеми на недоволен економски раст, корупција, организиран криминал, недоволно изградените капацитети на институциите, невработеноста, слабостите во судскиот систем и политизацијата на демократските институции остануваат најголем предизвик за Република Северна Македонија и главен генератор на нестабилност во форма на социјални предизвици. Енергетската сигурност претставува дополнителна загриженост со оглед на нашето потпирање на надворешни извори.

- Организираниот криминал: Организираниот криминал се манифестира првенствено преку илегалната трговија со наркотици и трговијата со луѓе. Општата безбедност во регионот е дополнително загрозена поради присуство на нелегално оружје и муниција, кои можат да станат достапни за криминални и екстремистички групи.

- Странските разузнавачки служби: Нивното прикриено делување е сериозна закана по безбедноста на Република Северна Македонија. Нивната цел е одолговлекување или оневозможување на нашите напори за интегрирање во евроатлантската заедница, особено остварување на полноправно членство во НАТО и во ЕУ. Нивното делување е насочено кон предизвикување и ослабнување на политичките и безбедносните определби и економските потенцијали на државата и ерозија на капацитетите на системот за одбрана.

- Радикализмот и насилниот екстремизам: Во сите свои облици (национален, политички и верски), во одредени случи потекнува од историските противречности и несогласувањата, а е засилен од бавниот социјален и економски развој на регионот. Странски креирани недржавни

актери може да ги експлоатираат овие слабости за да предизвикаат внатрешни меѓуетнички несогласувања и конфликт.

- Тероризмот: Тероризмот останува актуелна закана за националната безбедност. Современиот тероризам се одликува со тесна поврзаност со насилниот екстремизам, особено со верскиот екстремизам. Република Северна Македонија е ранлива од терористички напади, но поголема е веројатноста да биде искористена како коридор за инфилтрирање на терористи во Западна Европа.

- Илегалната миграција: Илегалната миграција која е првенствено резултат на конфликтите на Блискиот Исток и во Северна Африка, но во исто време се води од едноставната економска логика, не е директна закана по националната безбедност, но може сериозно да оптовари голем број на државни институции и да ангажира значителни капацитети на државата на среден и долг рок. Овој ризик зависи од идната динамика на миграцијата и од консолидираниот одговор на истата.

- Сајбер: Сајбер нападите и загрозувањето на информатичката безбедност се актуелен и растечки предизвик по глобалната безбедност. Најсериозни потенцијални последици од сајбер-нападите е загрозувањето на функционирањето на критичната инфраструктура, вклучително и онаа на безбедносниот систем и системот за одбрана на Република Северна Македонија.

- Елементарните непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии и климатските промени се индиректни закани кои тешко се предвидуваат, а може да имаат сериозни импликации по безбедносните и други државни институции.

- Деградирањето и уништувањето на животната средина е тесно поврзано со климатските промени и глобалното затоплување. Наведеното во иднина ќе биде еден од позначајните проблеми и ќе претставува безбедносен ризик на долг рок, што индиректно може да влијае на системот за одбрана.

## III. ЗАКАНИ, РИЗИЦИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПО ОДБРАНАТА

19. Иако регионалното безбедносното опкружување во изминатиов период е значително подобрено, односите на Балканот продолжуваат да бидат чувствителни. Разлики од национален, етно-религиски и културолошки карактер и спротивставените цели и интереси може да бидат предизвик за безбедноста и сигурноста на Регионот.

20. Веројатноста за вооружена агресија како директна закана по суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија е минимална. Од искуството во изминативе две децении, најреална е индиректната закана. Најзначаните ризици со кои се соочуваме доаѓаат од асиметричните, хибридните, сајбер и други загрозувања од невоена природа, вклучувајќи ги и оние од недржавни актери, природните непогоди, технолошките катастрофи, епидемии и климатски промени.

21. Во однос на идентификуваните безбедносни предизвици, закани и ризици системот за одбрана на Република Северна Македонија ќе гради капацитети и способности за одговор на истите: во услови на воени и кризни ситуации, сајбер и хибридни закани, тероризам, активности на странски и недржавни актери, закани по критичната инфраструктура и нелегална трговија со конвенционално оружје, оружје за масовно уништување и нуклеарна технологија.

## IV. ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### Основни определби

22. Современа и релевантна одбранбена политика е од есенцијално значење за остварување на трајните, виталните и важните интереси на Република Северна Македонија, дефинирани во Националната концепција за безбедност. Истата вклучува сет на мерки и активности насочени кон ефикасна подготовка на целокупниот систем за одбрана, како сегмент на системот за национална безбедност за остварување на одбранбените цели и претставува одговор на постојните и идни закани, ризици и предизвици по националната одбрана.

23. Целите на одбранбената политика се реализираат преку ефективно управување со системот и развој на потребните способности согласно расположливите ресурси. Процесот на дефинирање на одбранбената политика вклучува непрекинато следење на динамиката на стартегиското безбедносно опкружување и постојано приспособување на системот за справување со новонастанатите ситуации.

24. Таквиот пристап подразбира поинтензивна интерресорска и меѓуинституционална координација и соработка во подготвувањето и спроведувањето на одбранбената политика.

25. Одбранбената политика ги разгледува суштинските начела за неповредливост на границите, добрососедство, социјалната кохезија и заштитата на човековите права во рамките на меѓународното право и правото за самоодбрана. Концептите за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност заземаат централно место заедно со базичниот принцип на промоција на безбедноста, мирот и стабилноста. Сите процеси на одбранбената политика во фокусот ќе го имаат граѓанинот како основен носител на одбраната на државата.

26. Решенијата во одбраната не претставуваат само збир на воени способности, туку опфаќаат и политички напори, управување со националните економско-енергетски и технолошки компоненти и капацитети за заштита на човековата околина.

27. Стратегиската определба за европска и евроатлантска интеграција и членство во колективните одбранбени и безбедносни системи останува врвен

приоритет на нашата одбранбена политика, чиј фокус е пристапувањето во НАТО и во ЕУ. Република Северна Македонија ќе продолжи да работи на сеопфатна соработка во полето на одбраната со своите соседи, земјите од регионот и со земјите партнери, за остварување на нашите заеднички интереси.

28. Во тој контекст, Република Северна Македонија ќе продолжи да дава придонес во одржувањето на безбедноста и мирот во светот и во регионот, преку активното учество во операции за поддршка на мирот, во операции на кризен менаџмент и во кооперативна безбедност. Целосно ќе се посвети и на исполнување на меѓународните обврски и имплементацијата на меѓународните договори и конвенции.

29. Нашиот сеопфатен приод во меѓународната соработка ќе се рефлектира и преку активна одбранбена дипломатија, билатерална и мултилатерална одбранбена и воена соработка заснована на принципите на „Pooling&Sharing“ и „Smart Defence“.

## Одбранбени интереси

30. Одбранбените интереси произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија и Националната концепција за безбедност и одбрана.

31. Основни одбранбени интереси од кои произлегуваат целите на одбраната се:

- заштита на независноста, на територијалниот интегритет и неповредливоста на меѓународно признатите граници на државата;
- обезбедување на одбранбени капацитети со цел националната одбрана да ја гарантира безбедноста и остварувањето на слободите на граѓаните;
- евроатлантска интеграција, вклучувајќи и полноправно членство во НАТО и ЕУ и учество во соодветни кооперативни и колективни одбранбено безбедносни аранжмани;
- воспоставување на мир, безбедност и стабилност во регионот, во Европа и во светот;
- поддршка на цивилните институции во различни кризни ситуации и услови.

**Одбранбени цели**

32. Одбранбените интереси ќе бидат реализирани преку постигнување на следните одбранбени цели:

- одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија. За остварување на оваа цел ќе ги ангажираме сите капацитети и учесници во системот за одбрана преку координиран план за одбрана кој ќе опфаќа способност за одвраќање, отпорност и одбрана. Ќе изградиме проактивен приод во управување со процесот на планирање и ефикасност во извршување на одбранбената политика, преку воспоставување на сеопфатни планирачки процеси и имплементација на процедури кои ќе обезбедат континуирана анализа на безбедносното опкружување и одбранбените интереси притоа усогласени со процесот на одбранбено планирање на НАТО и развој на соодветни способности и капацитети;
- подготвеност на капацитетите и способностите за одбрана. Ќе оспособуваме и одржуваме високо подготвени капацитети и способностите за одбрана, во сите домени, за ефикасно справување со заканите, ризиците и предизвиците. Истите ќе се карактеризираат со флексибилност, распоредливост и интероперативност. За остварување на оваа цел ефикасно ќе управуваме и рационално ќе ги користиме расположивите ресурси при остварување на одбранбената политика, со нагласена отчетност, транспарентност и нулта толеранција кон корупција.
- јакнење на регионалната безбедност и стабилност и членство во колективни системи за безбедност. За остварување на оваа цел ќе создаваме нови партнерства, ќе ги јакнеме постоечките и соодветно ќе го споделуваме товарот во рамки на кооперативната одбрана. После полноправното членство во НАТО и во ЕУ, целосно ќе учествуваме во колективната одбрана и во Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП).
- придонес во меѓународните напори за изградба и чување на мирот. Ќе развиваме сили и способности за учество во меѓународни операции и мисии за поддршка на мирот и проектирање на безбедноста, во согласност со националните безбедносни интереси и меѓународните заложби. Ќе се залагаме за отвореност во соработка со други земји и организации преку споделување на искуствата и информациите заради зацврстување на заемната доверба и афирмација на националните цели;

- ефикасно справување со природни непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии и климатски промени. Со сеопфатно планирање, ќе обезбедиме капацитети за превенција и за соодветен национален одговор во вонредни и кризни состојби, во поддршка на цивилните институции. Ќе обезбедиме сеопфатност во развојот на одбранбени капацитети на државата преку координирана интерресорска соработка со релевантните владини и невладини институции и здружување на силите и експертизата за одговор на современите предизвици;
- изградба на одбранбени капацитети кои ќе овозможат поголема ефективност на Армијата на Република Северна Македонија (Армијата) и ќе го намалат влијанието врз животната средина;
- зголемување на свесноста на општеството за улогата и значењето на системот за одбрана за безбедноста на земјата, како и за унапредување на националната и социјалната кохезија. За да обезбедиме јавна поддршка за одбраната и да го зголемиме интересот за приклучување кон Армијата, ќе ја промовираме важноста на целите, мисиите и активностите на Армијата и одбраната во целост.

33. Одбранбените цели претставуваат основа за одбранбеното планирање и потребната координација, од каде се изведуваат и детализираат задачите на сите субјекти во системот, за подготвување на одговор на одбраната во услови на мир, воена, кризна или вонредна состојба.

## V. СИСТЕМ ЗА ОДБРАНА

34. Системот за одбрана на Република Северна Македонија е фокусиран на ефикасно и ефективно остварување на уставната функција за одбрана и заштита на државата од сите видови надворешни/внатрешни загрозувања. Воедно, системот е насочен кон достигнување на потребното ниво на отпорност, флексибилност и интероперабилност во рамките на колективната одбрана, кризниот менаџмент и кооперативната безбедност.

35. Системот за одбрана на Република Северна Македонија се состои од:

- воена компонента – чиј главен носител се вооружените сили, односно Армијата, и

-невоена компонента – составена од други државни институции кои имаат уддел во справувањето со безбедносните закани и ризици, органите на локалната самоуправа, јавни претпријатија и друштва и граѓаните, дефинирани со Законот за одбрана.

36. Развојот и одржувањето на неопходните одбранбени способности и капацитети побарува сеопфатен пристап на сите субјекти на системот и соодветно треба да ја отслика брзината на промените на заканите.

**Воена компонента**

37. Современите безбедносни предизвици, како и расположливите ресурси на државата, ќе ја дефинираат потребата од минимални и оптимални одбранбени способности за развој на ефективна и одржлива структура на Армијата, неопходна за извршување на зададените мисии и задачи.

38. Армијата ќе развива и одржува соодветни способности за ефективно исполнување на нејзините цели и задачи. Приоритет ќе биде развојот на оперативните способности во поддршка на националните интереси и националните безбедносни цели, вклучително и способности за поддршка на националните цивилни власти.

39. Националните способности за одбрана ќе се базираат на копнените, на воздушните и сајбер-домените, овозможени и поддржани со основни оперативни елементи кои вклучуват команда и контрола, персонал, инфраструктура, логистика, разузнавање, набљудување и извидување, медицинска поддршка, комуникациски и информациски системи и обука.

40. Сеопфатниот пристап ќе се базира на јасно дефинирани способности за командување и контрола (К2), кои постојано ќе се надградуваат да обезбедат ефективност и интероперативност на системот. Како поддршка ќе се развие и интегрирана способност за навремена и ажурна предвидливост на текот и развојот на ризиците и заканите на сите нивоа на операции.

41. Мултифункционални повеќенаменски копнени сили, соодветно поддржани и логистички обезбедени, ќе бидат главната сила на воената компонента на системот. Нивната повеќенаменска димензионалност ќе се рефлектира преку способности за лесен маневар и брзо распоредување и зголемување на нивната одржливост.

42. Овие способности ќе бидат развиени и структурирани како лесно приспособливи сили за задача, кои ќе овозможат извршување на активности во рамките на целиот спектар на операции.

43. Развојот и одржувањето на неопходни сили за специјални операции како капацитет на мултифункционалните копнени сили ќе овозможи постигнување на висока економичност на одбраната и ќе го максимизира ефектот на воената компонента.

44. Воздухопловните способности ќе бидат соодветно димензионирани за да обезбедат неопходна воздушна поддршка на мултифункционалните повеќенаменски сили, но и за поддршка на цивилните власти во различни кризни ситуации и услови.

45. Со интеграција на националните воздухопловни способности ќе постигнеме ефикасност во менаџирањето и економичност во развојот, при што меѓуресорската соработка треба да биде императив за нивната ефективна употреба. Ограничените ресурси на Република Северна Македонија за следење на современите текови во воздухопловството упатуваат на максимизирање на интензивна регионална одбранбена соработка со земјите од Југоисточна Европа и во рамките на евроатлантските интеграции.

46. Армијата ќе развива резервни сили, составени од активна и општа компонента, чија структура и способности ќе се дефинираат согласно потребите за поддршка на вооружените сили.

47. Поддршката на регионалниот и на меѓународниот мир, безбедност и стабилност ќе ја остваруваме преку активното учество во НАТО и во ЕУ водените операции и мисии, како и меѓународните мировни, хуманитарни и набљудувачки операции предводени од ООН, и од ОБСЕ и преку учество во различни форми на воена соработка на билатерално, на регионално и на мултилатерално ниво. Армијата ќе одржува воени распоредливи капацитети и способности компатибилни и интероперативни согласно НАТО кодот на капацитети и способности.

48. За придонес во целиот спектар на операции и мисии предводени од НАТО, Република Северна Македонија ќе развие и ќе одржува распоредливи способности на ниво од 50% од севкупната структура на мултифункционалните копнени сили. Долгорочно, во меѓународни операции едновремено ќе учествуваме со единици и воен персонал кој постепено ќе се

зголемува до 10% од севкупната структура на Армијата, соодветно на динамиката на развојот на распоредливите способности.

49. Највисок облик на организирање на мултифункционалните копнени сили за учество во меѓународни операции ќе биде лесна пешадиска баталјонска група, со развиени способности за распоредување и самостојно дејствување во дел од спектарот на операциите и мисиите на НАТО, како и за вклучување во повисоки мултинационални формации.

50. Дел од потребните способности на лесната пешадиска баталјонска група, неопходни за извршување на специфични мисии во НАТО-предводени операции кои Армијата нема да ги развива, ќе ги обезбеди во соработка со силите на сојузниците распоредени во операциите.

51. Во функција на системот ќе се развиваат и способности за асистенција, обука, справување со ефектите на хуманитарни катастрофи, сајбер-одбрана, цивилно-воена интеракција, како и воена дипломатија.

52. Во услови кога надлежните државни институции (вклучително и локалната самоуправа) не можат да се справат со кризи, односно закани по внатрешната безбедност, закани по критичната инфраструктура, елементарни непогоди, технолошки катастрофи, епидемии, и климатски промени, како и при загрозување на границите на Република Северна Македонија, Армијата ќе дава поддршка на цивилната компонента на системот за одбрана, како и на полицијата во согласност со утврдените процедури.

53. Во превенирањето на заканите по безбедноста и одбраната на државата ќе се фокусираме на консолидирање, координација и остварување на потесна соработка меѓу сите елементи на националната разузнавачка заедница.

54. Во делот на заштита на класифицирани информации ќе продолжиме да ги надградуваме постојните капацитети и способности. На среден и на долг рок ќе инвестираме средства во изградба на нови способности и капацитети за безбедност на информации/информатичка безбедност и превенција од сајбер-напади. Ќе развиваме и способности за стратегиски комуникации кои ќе обезбедат таргетирано влијание врз спротивставените сили во операциите, истовремено штитејќи ги сопствените. Преку развој на способности за електронско војување и сајбер-заштита, ќе се обезбеди доверливост, интегритет и достапност на информациите и на мрежите. Развојот на овие способности треба да биде синхронизиран и координиран на национално ниво.

55. Долгорочниот развој на одбранбените способности ќе се реализира преку процена и давање приоритет на постојните и потребните способности во согласност со расположливите ресурси, за да се минимизира ризикот кон националната одбрана.

56. Поддршката при развојот на одбранбените капацитети и способности ќе бара обезбедување на соодветни човечки, материјални и финансиски ресурси, како и соодветна инфраструктура.

**Невоена компонента**

57. Активностите на субјектите на цивилната компонента во услови на нивно ангажирање во поддршка на системот за одбрана ќе бидат координирани преку Владата на Република Северна Македонија. Невоената компонента на системот за одбрана треба да обезбеди услови за функционирање на истиот, како и поддршка на националните и сојузничките сили во услови на криза.

58. Во сегментот за управување со кризи ќе ангажираме ресурси за надградување и развој на капацитети и способности за рано предупредување, тревожење, координација и дејствување при појава на криза или кризна состојба.

59. Во рамките на невоената компонента на системот за одбрана ќе градиме цивилни капацитети за обезбедување на поддршка од земја домаќин, медицинска поддршка, комуникациски и информатичко-безбедносни капацитети, како и поддршка со цивилни експерти од различни специјалности.

60. Одбранебниот сектор ги препознава предизвиците, потребата и напорите за заштита на животната средина. Ќе градиме капацитети со цел намалување на ефектите од воени дејствија, отстранување на негативните ефекти по здравјето на луѓето и животната средина, како и сеопфатен одговор на безбедносните предизвици и нивното негативно влијание врз животната средина. Пред и за време на одржување на вежбовни активности, во соработка со цивилната компонента, ќе обезбедиме постојана контрола со цел спречување на штетните последици по животната средина, граѓаните и нивното здравје.

61. Посветено ќе работиме на подигање на свеста за заштита на животната средина кај воениот персонал преку развој на соодветни политики, акти за

стандардизација и упатства за заштита на животната средина при планирањето и спроведувањето на вежбовните активности. Како НАТО членка, ќе се фокусираме на активно вклучување во националните активности, како и во работата на НАТО, во оваа област. Ќе дадеме поддршка на проектите кои ги промовира програмата на НАТО - Наука за мир и безбедност, од областа на заштитата и безбедноста на животната средина.

62. Димензионирањето на системот за одбрана на среден и на долг рок ќе се води од потребата истиот да изгради способност да се приспособува на промените во безбедносното опкружување, врз основа на проценета на заканите и ризиците, националните потреби и адаптацијата на неопходните способности и капацитети во согласност со расположливите ресурси.

## VI. ОДБРАНБЕНИ РЕСУРСИ И СПОСОБНОСТИ

63. Одбранбените ресурси ги сочинуваат човечките, материјалните и финансиските средства што ќе се стават на располагање на националната одбрана и од кои ќе зависи остварувањето на одбранбените цели. Планирањето на одбранбените ресурси ќе се заснова на принципот на рационалност и ефективност.

64. Рационалното и ефективно развивање, одржување и користење на одбранбените способности ќе биде зајакнато со имплементација на системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ) во одбраната. Приоритетизација, авторизација и ангажирањето на ресурсите ќе овозможи подобра отчетност и транспарентност на субјектите во процесите за менаџирање на одбраната и обезбедувањето на поддршка во отстранување на корупцијата од системот.

65. Одбранбените способности ќе бидат редизајнирани со цел постепено да се изврши намалување на персоналот и замена на застарената опрема со современа и модерна опрема, компатибилна со земјите-членки на НАТО и на ЕУ. Со тоа ќе ги унапредиме постојните способности и ќе обезбедиме услови за интеграција и соодветен придонес на националниот системот за одбрана во колективната одбрана на Алијансата.

66. Реорганизирањето и развојот на системот за одбрана ќе опфати воспоставување на хиерархија на стратегиски документи, утврдување на соодветна правна рамка и редефинирање на субјектите на системот и нивните надлежности. На овој начин ќе се избегне дуплирање на задачите, ќе се постигне подобра координација меѓу воената и цивилната компонента и ќе се гарантира најефикасно и рационално користење на ресурсите.

67. Со максимално користење на домашните наменски капацитети и нивното знаење и искуство директно ќе се поттикне симбиотската поврзаност на системот со националната економија и вклучување на националното стопанство во процесите за развој и одржување на потребните одбранбени способности.

### Човечки ресурси

68. Компетитивното привлекување и селекција на високо мотивирани поединци ќе биде цел на персоналната политика во одбраната. Во оваа насока, неопходни се реформи во системот за плати, бенефиции и награди, со цел службата во одбраната и воениот позив да се направат попривлечни во однос на останатите сектори во општеството и пошироко.

69. Сегментот на образование и обука за потребите на системот за одбрана ќе го реорганизираме согласно потребите, искуствата, научените лекции и институционалните потреби.

70. Одбранбената политика едновремено ќе ги отсликува професионалноста и соодветната и правична застапеност на заедниците. Примената на принципот за родова перспектива ќе биде опфатен во сите фази на одбранбената политика и планирање. На овој начин ќе се обезбеди квалификуван цивилен и воен персонал, кој со планско водење во кариерата и соодветна едукација и обука ќе биде способен за остварувањето на националните одбранбени интереси и меѓународните обврски за успешно справување со идните безбедносни предизвици.

71. Истовремено со интеграција на управување со знаењето, унапредување на условите за работа и другите современи дисциплини и технологи во работните процеси на одбраната, рационално ќе се користат постоечките и идните човекови ресурси.

**Материјални ресурси**

72. Моменталниот статус на опремата и на материјално-техничките средства со кои располага Армијата побарува нивна соодветна замена со нова пософистицирана опрема во согласност со НАТО-стандардите.

73. Со автоматизација и поедноставување на процесите за управување со материјалните ресурси, особено во делот на аквизицијата и одржувањето, ќе се обезбеди навремено, транспарентно и соодветно користење на материјалните ресурси во одбраната.

74. Долгорочниот План за развој на одбранбените способности и Планот за опремување и модернизација ќе бидат поставени на јасно дефинирани приоритети и временска рамка за нивна имплементација, во согласност со расположливите ресурси.

**Инфраструктура**

75. Република Северна Македонија поседува значителна одбранбена инфраструктура која ги надминува тековните потреби на одбраната. Со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности ќе се дефинираат и идните потреби за задржување на неопходната инфраструктура.

76. Со консолидација на командите и единиците на Армијата на помал број мирновременски локации и ослободување од вишокот инфраструктурни објекти и имот со кој располага одбраната, ќе се обезбедат дополнителни финансиски средства за реновирање и изградба на нова инфраструктура и подобрување на условите за живот и работа на персоналот во одбраната и Армијата.

77. Со прецизно идентификување и приоритетизирање на критичната инфраструктура ќе се обезбеди поефикасна заштита на истите во согласност со националните интереси и воспоставените меѓународни стандарди.

**Финансиски ресурси**

78. Стабилното финансирање на одбраната е клучен предуслов за развојот на потребните одбранбени способности. Финансиските ресурси на одбраната првенствено ќе се обезбедуваат од буџетот на Република Северна Македонија, а за остварување на целите од делот на колективната одбрана, одредени способности може да се реализираат согласно претходно склучени билатерални и мултилатерални договори.

79. Република Северна Македонија потребно е да обезбеди стабилен повеќегодишен одбранбен буџет на ниво од 2% од бруто-домашниот производ како неопходен предуслов за ефикасно долгорочно планирање на одбраната, развој на нови способности и модернизација на силите.

80. Со алокација на одбранбените буџетските средства до 50% за персоналните трошоци, зголемување на трошоците за операции, одржување и обука до 30% и одржување на трошоците за опрема и модернизација на најмалку 20% ќе постигнеме оптимална искористеност на средствата, што долгорочно ќе овозможи остварување на одбранбените цели и развој на нови способности, неопходни за справување со новите безбедносни предизвици.

## VII. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

81. Спроведувањето на Стратегијата за одбрана побарува воспоставување на соодветно ниво на координација меѓу субјектите на воената и на цивилната компонента на системот и е основен предуслов за ефикасност во справувањето со безбедносните закани и ризици.

82. За спроведувањето на одбранбените цели неопходна е и целосна политичка поддршка од страна на сите политички субјекти, како и широка поддршка од граѓаните на државата.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

83. Со денот на објавувањето на оваа стратегија престанува да се применува Стратегијата за одбрана на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 30/10).

84. Оваа стратегија се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 06-508/2
24 март 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**1215.**

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18) министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА**

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19, 111/19, 163/19, 250/19 и 270/19), во член 10, точка 1, во потточката 1.1.1, Табелата бр. 126 се заменува со нова Табела 126, која гласи:

„Табела бр. 126

| Ред.бр. | Име на делот и пропишана метода за испитување | Дефинирани барања |
|---|---|---|
| 1 | Квантитативна хемиска анализа (суровински состав): ASTM D 5226 и идентификација со метода со горење | 100% полиетиленска маса |
| 2 | Дебелина ISO 4593 | 1.5 - 1,7 mm |
| 3 | Ширина ASTM D 5947 | 48 - 49 mm |

Напомена: Својствата се испитуваат според наведениот стандард или со негов еквивалент“.

Во потточката 1.1.3 Табелата бр. 126 б се заменува со нова Табела бр. 126 б, која гласи:

„Табела бр. 126 б

| Ред.бр. | Име на делот и пропишана метода за испитување | Дефинирани барања |
|---|---|---|
| 1 | Квантитативна хемиска анализа (суровински состав): ASTM D 5226 и идентификација со метода со горење | 100% полиуретан |
| 2 | Дебелина ISO 1923 | 3,5 - 4 mm |
| 3 | Густина EN ISO 845 | 48-52 kg/m$^3$ |

Напомена: Својствата се испитуваат според наведениот стандард или со негов еквивалент“.

Во точка 2, во потточката 2.2 зборовите „чичак лента 25 x 70 mm“ се заменуваат со зборовите „чичак лента 25 x 65 mm“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-30661/1
16 март 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Наќе Чулев,** с.р.

# АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1216.**

Адвокатската комора на Република Северна Македонија, по извршеното срамнување со пречистениот текст на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите на седницата на Управниот одбор на АКРСМ одржана на ден 26.02.2020 година, утврди дека во текстот на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 27/20) е направена грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А
НА ТАРИФАТА ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ**

Во воведот на Тарифата наместо зборовите: „28 јануари 2019 година“ треба да стои: „28 јануари 2020 година“.

Во член 8, глава I, точка 3, став 2, наместо: „V“ треба да стои: „VI“.

Бр. 02-241/5
3 март 2020 година
Скопје

Адвокатска комора на
Република Северна Македонија
Претседател,
адвокат **Љубомир Михајловски**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1217.**

Врз основа на членот 4, став (2) од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 239/19), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

Висината на минималната плата во бруто - износ во Република Северна Македонија започнувајќи од април 2020 година изнесува 21.776 денари.

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2020075